**Прашања и одговори за Тендерската документација за доделување на премии по пат на аукции за фотонапонски електроцентрали изградени на земјиште кое не е во сопственост на Република Северна Македонија или на земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на кое е воспоставено право на користење**

| Бр. | Датум: **13.08.2019** год. |
|---|---|
| 1. | Прашање:<br><br>Во врска со Доказот за утврдување на способноста за физички лица или нови правни лица: доказ дека ќе му бидат овозможени финансисики средства за реализација на предвидената инвестиција од страна на финансиска институција (банка), би сакал да прашам дали за условот да биде исполнет е доволно само:<br><br>– Писмо од банка со кое информираат дека би ја финансирале градбата доколку се исполнат условите на банката и сл?<br><br>Или<br><br>– Потврда дека веќе е одобрена кредитната линија со наведениот проект? |
| | Одговор:<br><br>Во точка 3.4.4 јасно е наведено дека доколку економскиот оператор нема остварено кумулативен приход еднаков на 500 € по киловат инсталирана моќност, или е новоформирано правно лице специјално за оваа намена, или е физичко лице, потребно е да достави **доказ** дека ќе му бидат овозможени финансиски средства за реализација на предвидената инвестиција од страна на финансиска институција (банка).<br><br>Под „доказ дека ќе му бидат овозможени финансиски средства за реализација на предвидената инвестиција од страна на финансиска институција (банка)" се подразбира секој уредно оформен писмен документ со кој финансиската институција (банката) недвосмислено изјавува дека на економскиот оператор ќе му бидат овозможени финансиски средства за реализација на предвидената инвестиција без оглед на тоа дали се работи за потврда, изјава, писмо за намери и сл. |
| 2. | Прашање:<br><br>1) Дали инвеститорот ќе сноси било какви санкции (повлекување на парични средства, пенали од гаранциите) во случај да добиеме премија, а не ни дава одобрение за градба општината иако земјиштето е во градежен регион со кое аплицираме!<br>Или не ни дава решение регулаторна, или во било кој друг случај а не е од наша вина за неисполнување обврска за градба на централата во рокот предвиден од договорот.<br><br>2) Дали со добивање на премија е загарантирана и соработката на државните институции дека ќе бидат по ажурни за спроведување и |

реализавија на централата, зошто постои можност од административно кочење, која би била штетна за инвеститорот и реализацијата.

Одговор:

1) Во согласност со тендерската документација услов за потпишување на Договор за право на користење на премија е доставување на гаранција за квалитетно извршување на договорот во износ од 4.650,00 ден по kW инсталирана моќност.
   Договорот е прилог на тендерската документација и во него јасно е наведено во кои случаеви гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена од страна на Министерството за економија.

2) Во согласност со Договорот за прво на користење на премија инвеститорот има обврска во рок од 3 години да ја пушти во комерцијално работење фотонапонската електроцентрала.
   Во согласност со ставот 1, алинеа 4 од Договорот за право на користење на премија каде што е наведено дека:
   - дејствија на органи на државна или локална власт или носители на јавни функции поради кои лиценци, одобренија, дозволи и/или други документи кои се потребни за исполнување на обврските или користењето на правата на Инвеститорот од овој Договор да не бидат издадени, изменети или продолжени во законските утврдени рокови по поднесеното барање од договорната страна, или да бидат укинати или поништени поради причини кои не претставуваат противзаконско или неетичко однесување од страна на засегнатата договорна страна.

   Ова значи дека доколку при постапката за добивање на потребните дозволи, лиценци и други документи дојде до пролонгирање на роковите кои не се по вина на инвеститорот, истите ќе бидат продолжени.

| Бр. | Датум: **14.08.2019** год. |
|---|---|
| 3. | Прашање: |

Нашата фирма е сопственик на земјиште со соодветна намена за кое има изготвено проект, има важечка градежна дозвола, енергетска согласност од ЕВН и дозвола за привремено производство на електрична енергија (2*49,95 kWp, третата е во припрема).

Во тек е монтажата на опремата.

Дали, доколку се исполнети финансијските услови (поддршка од банка и друго) и не постојат други правни пречки согласно наведените критериуми во вториот оглас за право на користење премија за производство на електрична енергија од ФЕЦ на земјиште кое не е во сопственост на РСМ, имаме право да учествуваме на тендерот за објекти до 200kWp.?

Не збунува барањето за минимални услови каде се наведува „економскиот оператор да има остварено приход од 500 EUR/kW инсталирана моќност„.

| | |
|---|---|
| | Што тоа значи тоа кога централите се во градба ? |
| | Одговор:<br><br>Во согласност со Уредбата за мерките за подршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија, објавена во Службен весник на Република Македонија бр.29 од 05.02.2019 година, член 16, став 5, понудувачот согласно Законот за градење не треба да ја има изградено и/или пуштена во употреба електроцентралата за која бара доделување на премија, за што доставува изјава со која под полна морална, материјална и кривична одговорност, потврдува дека до денот на објавувањето на огласот на земјиштето не е изградена и/или пуштена во употреба електроцентралата.<br><br>Во согласност со точка 3.4.1 за да се квалификува како способен за извршување на предметниот договор за право на користење на премија од аспект на неговата економска и финансиска состојба, економскиот оператор треба во последните 3 (три) години да има остварено кумулативен вкупен приход еднаков на 500 € по киловат инсталирана моќност за фотонапонската централа за која што ја поднесува понудата. Доколку еден понудувач достави понуди за повеќе од еден од деловите од точка 12 на поглавјето 1.1 погоре, при евалуацијата на доставените понуди, вкупниот приход кој е предмет на евалуацијата се однесува за вкупната понудена инсталирана моќност за сите делови за кои доставил понуда.<br><br>Во согласност со точка 3.4.4 Ако економскиот оператор не го исполнува условот од точка 3.4.1 погоре, односно нема остварено кумулативен приход еднаков на 500 € по киловат инсталирана моќност, или е новоформирано правно лице специјално за оваа намена, или е физичко лице, потребно е да достави доказ дека ќе му бидат овозможени финансиски средства за реализација на предвидената инвестиција од страна на финансиска институција (банка). |
| Бр. | Датум: **26.08.2019** год. |
| 4. | Прашање:<br><br>1) Дали сите документи што треба да се доставаат треба да се оригинал<br><br>2) Дали јас како оператор можам да учествувам со истата парцела на два дела односно вака, од 200 kW – 500 kW и од 500 kW - до 1000 kW. |
| | Одговор:<br><br>1) Во согласност со точка 3.1.2 од тендерската документација, бараната документација се доставува во оригинал или копија заверена на нотар.<br><br>2) Согласно точка 2.7.6 од тендерската документација, Економскиот оператор може да поднесе само една понуда за секој од деловите определени во точката 12 од поглавјето 1.1, без разлика дали понудите се однесуваат за иста катастарска парцела.<br><br>Катастарската парцела може да се подели на делови, односно да се наведат координатите на површината за секоја електроцентрала поединечно, како и големината на самата површина на која се однесува понудата. Во ваков случај потребно е за секоја |

| | |
|---|---|
| | електроцентрала да се обезбеди засебно мерно место. |
| Бр. | Датум: **03.09.2019** год. |
| 5. | Прашање:<br>1) Што претставува квалификационен надоместок и колку е неговата вредност?<br>2) На јавната расправа која се одржа во Стопанската комора, Заменик Претседателот на Владата на РС Македонија изјави дека износот кој треба да биде уплатен на име комуналии за државно и приватно земјиште ќе биде ист за сите општини и ќе изнесува 0,5 Евра по $m^2$. Бидејќи во документацијата на тендерот за доделување на договор за право на користење премија за електрична енергија произведена од Фотонапонски електроцентрали на приватно земјиште нема информација колку ќе чинат комуналиите Ве молиме за информација? |
| | Одговор:<br>1) Во оваа тендерска постапка не е предвидено позитивно наддавање и исплата на квалификациски надоместок.<br>2) Прашањето за плаќање на комуналии е дефинирано согласно условите и начинот на плаќање кои самостојно ги определуваат општините. Вкупниот износ на надоместокот за уредување на градежното земјиште се утврдува во заверениот основен проект врз основа на кој е издадено одобрението за градење кој што е во рамки на парцелата (маркицата) утврдена во деталниот урбанистички план, а се пресметува согласно Правилникот за степен на уреденост на градежно земјиште кој е во сила. |
| Бр. | Датум: **04.09.2019** год. |
| 6. | Прашање:<br>Дали регистрирана фирма пред неколку години со основна дејност Производство на електрична енергија сопственик на земјиште со намена за фотоволтаик, без досегашна активност, може да биде носител на група понудувачи и подоцна субјект кој ќе ја изгради централата или е неопходно да се регистрира нов правен субјект доколку групата се избере како најповолен понудувач. |
| | Одговор:<br>Во точка 7.4.2 Наведено е дека ако избраниот најповолен понудувач е странско лице или група на понудувачи должен е да основа и до Министерството да достави доказ дека е извршен упис во Централниот регистар на РСМ на друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво со кое што ќе биде склучен Договор за право на користење на премија. |
| Бр. | Датум: **05.09.2019** год. |
| 7. | Прашање:<br>Во согласност со точка 4.1.1 од тендерска документација:<br>1) Од која причина не постоењето на запишано заложно право |

(хипотека) во катастарот на недвижности, над земјиштето на кое економскиот оператор има намера да ја изгради електроцентралата за која ќе бара користење на премија, во моментот на поднесување на понудата во смисла на точка 3.3.4 од ТД претставува услов за докажување на способноста за вршење на професионална дејност на економскиот оператор?

2) Дали по поднесување на понудата, може да постои запишано т.е. да се воспостави заложно право (хипотека) во катастарот на недвижности, над земјиштето на кое економскиот оператор има намера да ја изгради електроцентралата за која ќе бара користење на премија, во смисла на точка 3.3.4 од ТД?

3) Дали постоење на Согласност од лицето во чија корист е запишано заложното право (хипотеката) во катастарот на недвижности (Заложниот доверител), за поднесување на понуда од страна на економскиот оператор (сопственик на земјиштето) и изградба на електроцентрала во случај на прифатена понуда, ќе претставува предуслов за докажување на способноста за вршење на професионална дејност на економскиот оператор во смисла на точка 3.3.4 од ТД?

4) Дали Понудата на економски оператор, на кој во моментот на поднесување на понудата има запишано заложно право (хипотека) во катастарот на недвижности над земјиштето на кое има намера да ја изгради електроцентралата за која ќе бара користење на премија, со приложување на Изјавата/Согласност од точка 3 (прашање 3) горе, ќе биде отфрлена во смисла на точка 3.3.4 од ТД?

5) Дали постои било каков начин (достава на одреден акт, документ, изјава и сл.), врз основа на кој Понудата на економскиот оператор на кој во моментот на поднесување на понудата има запишано заложно право (хипотека) во катастарот на недвижности над земјиштето на кое има намера да ја изгради електроцентралата за која ќе бара користење на премија, ќе биде прифатлива т.е.нема да биде отфрлена во смисла на точка 3.3.4 од ТД?

Одговор:

Точка 3.3.4 од тендерската документација е избришана за што сте уредно и навремено известени.

| Бр. | Датум: **10.09.2019** год. |
|---|---|
| 8. | Прашање: |
| | Дали може да се конкурира на Огласот за изградена и пуштена во употреба фотонапонска централа на приватно земјиште, која нема статус на повластен производител (не успеа да се стекне согласно претходната Уредба за фидинг тарифите) и во моментов струјата ја продава на слободен пазар и дали може да извршиме зголемување на капацитетот односно доградба на истата бидејќи парцелата има слободен простор и Законот за градење го овозможува истото па на тој начин да користиме фиксна премија за вкупниот капацитет (постоечкиот и доградениот). |
| | Одговор: |

| | |
|---|---|
| | Член 16 став (5) од Уредбата за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Сл. весник на РМ", бр. 29/19), во тендерска постапка за доделување на премија на електроцентрали кои се градат на земјиште кое не е во сопственост на Република Македонија или на земјиште во сопственост на Република Македонија на кое е воспоставено право на користење, може да учествува единствено понудувач којшто:<br>1) има право на сопственост или право на користење на земјиштето, и<br>2) пред објавувањето на огласот, согласно член 16, став (5), алинеја 2) од Уредбата за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Сл. весник на Република Македонија, бр. 29/19) ја нема изградено и/или пуштено во употреба електроцентралата за која бара доделување на премија, за што доставува **изјава заверена на нотар со која под полна морална, материјална и кривична одговорност потврдува дека до денот на објавување на огласот 02/2019 од 31.07.2019 год. на земјиштето не е изградена и/или пуштена во употреба електроцентралата**.<br>Доклку на слободниот простор на земјиштето од истата парцела или соседна нема изградено и/или пуштена во употреба фотонапонска електроцентрала пред објавување на огласот, во тој случај може да конкурирате само за тој простор, при што е потребно да ги наведете координатите на површините на кои што се однесува понудата. Во ваков случај потребно е за секоја електроцентрала да се обезбеди засебно мерно место. |
| 9. | Прашање:<br>Согласно Јавниот оглас бр. 02/2019 и тендерската документација.<br>Сакаме да укажеме дека документите со кои се докажува личната способност за економски оператор физичко лице од точка 3.2.6 алинеја 3 и алинеја 4, Централниот регистар не ги издава на физички лица и дали документот од истата точка алинеја 1 треба економскиот оператор сам да ја состави изјавата и да биде заверена кај нотар.<br>Ве молиме да ни дадете насока во каков вид ќе се бараат овие документи. |
| | Одговор:<br>Документите од точка 3.2.6 алинеи 3 и 6 за економскиот оператор физичко лице ги издава основниот суд на подрачјето на кое што физичкото лице има постојано живеалиште |
| Бр. | Датум: **11.09.2019** год. |
| 10. | Прашање:<br>Ве молиме да ни дадете појаснување за следниве точки во тендерската документација:<br>1) Точката 3.3.2 ......Земјиштето треба да биде во соодветна катастарска култура за истото да може да се пренамени во градежно земјиште во согласност со Законот за земјоделско земјиште. Оваа |

точка укажува на фактот дека не е услов земјиштето да биде градежно за да може да се аплицира на огласот, но истовремено точката 5.1.1 став 2 предвидува доставување на геодетски елаборат за нумерички податоци за земјиштето. Доколку се има во предвид дека геодетските елаборати можат да се направат само за градежни земјишта, останува нејасно дали и како ќе се исполни бараниот услов од точката 5.1.1 став за доставување на геодетски елаборат ако се конкурира со земјиште кое не е градежно.

2) Ќе Ве молиме за појаснување дали може да се поднесе една понуда за изградба на фотоволтаична централа со капацитет на нешто повеќе од 1MW, на 5 посебни парцели кои се една до друга и се сопственост на едно право лице;

3) Дали може да се поднесе понуда од физичко лице кое истовремено е и сопственик и управил во деловен субјект, имено дали и деловниот субјект и физичкото лице можат да учествуваат со засебни понуди

4) Дали е потребно да се отвори кориснички профил пред отварањето на понудите за системот на е-набавки или тоа може отпосле ?

Одговор:

1) Геодетски елаборат може да биде изработен од фирма која има соодветно овластување за изработка на ваков документ, без разлика за каков вид на земјиште се работи.

2) Доколку парцелите се граничат една со друга и се водат на исто правно лице, тогаш тоа правно лице може да поднесе една понуда за делот за кој учествува, за изградба на фотоволтаична централа со капацитет, кој е соодветен на дефинираниот капацитет за соодветниот дел.

3) Согласно потточка 2.7.5 од ТД и член 46 од Законот за јавни набавки, понудувачот во рамките на постапката за доделување на договор за право на користење на премија може да достави само една понуда или може да учествува само во една групна понуда за една фотонапонска централа која што е предвидена да се гради на одредената локација. Притоа, сите понуди ќе бидат отфрлени ако понудувачот учествува во повеќе од една самостојна и/или како член во групна понуда.

4) По извршената евалуација на доставените понуди Комисијата за спроведување на тендерската постапка ги известува понудувачите за начинот и постапката за пристап на системот и учество во електронската аукција.

| Бр. | Датум: **13.09.2019** год. |
|---|---|
| 11. | Прашање: |
| | Во врска со „Јавниот оглас за доделување на договор за право на користење на премија за електрична енергија произведена од фотонапонски електроцентрали изградени на земјиште кое не е во сопственост на Република Македонија или на земјиште сопственост на Република Македонија на кое е воспоставено право на користење“, би |

сакал да поставам две прашања во однос на одредени делови од јавниот оглас.

1) Прашање 1: Во однос на гаранциите и авансното плаќање, дали гаранцијата за квалитетно извршување на договорот (точка V.1.2 од огласот) треба да се достави при поднесување на понудата или тоа треба да се направи доколку понудата биде избрана?
2) Прашање 2: Во однос на минималните услови наведени во точка VI.3 од јавниот оглас, доколку се здружат група на економски оператори заради заедничко учество во оваа постапка, дали вкупниот приход еднаков на 500 по киловат инсталирана моќност на фотонапонската електроцентрала наведен како минимален услов важи за секој економски оператор поединечно или пак за сите заедно? Со други зборови, доколку двајца економски оператори се здружат да достават понуда за централа со моќност од 100 киловати, дали секој од економските оператори треба да има вкупен приход од 50.000 € или вкупниот приход на двата оператори треба да биде 50.000 € во последните три години?
3) Прашање 3: Дали има некој посебен формулар за доставување електронско барање за подигнување на тендерската документација?

Одговор:

1) Согласно точка 8.1.5 од тендерската документација, гаранцијата за извршување на договорот избраниот најповолен понудувач ја доставува по добиеното известување за извршениот избор, а пред склучување на договорот во рок определен од договорниот орган со известувањето.
2) Доклоку понудата е поднесена од група на понудувачи, во тој случај се оценува вкупниот, односно кумулативниот приход на сите економски оператори кои ја сочинивааат групата на понудувачи во последните три години.
3) Не е предвиден посебен електронски формулар за поднесување на барање за подигнување на тендерската документација.

| Бр. | Датум: **16.09.2019** год. |
|---|---|
| 12. | Прашање: |

Прашање:

На кое ниво треба да биде изработен документот „Прелиминарно техничко решение составено од графички прикази и документи со кои се утврдуваат основните облици, функционалните и технички решенија на електроцентралата и се прикажува поставеноста на електроцентралата на локацијата"? Дали на ниво на основен проект или на некое пониско ниво, на пример идејно решение или концептуално решение?

Одговор:

Документот Прелиминарно техничко решение треба да биде составено од графички прикази и документи со кои се утврдуваат основните облици, функционалните и технички решенија на електроцентралата и се прикажува поставеноста на електроцентралата на локацијата.

| | |
|---|---|
| | |
| 13. | Прашање:<br><br>1) Прашање по однос на способноста за физички лица:<br><br>„ - За физички лица и новоформирани правни лица: доказ дека ќе му бидат овозможени финансиски средства за реализација на предвидената инвестиција од страна на финансиска институција (банка)"<br><br>- Банките прашуваат дали ова значи пишана потврда дека на лицето ќе му биде обезбеден кредит доколку е добиена премијата или дека лицето располага со средства во банката?<br><br>2) Прашања по однос елементите на понудата Точка 5.1.1 или деловите:<br><br>„ - Прелиминарно техничко решение составено од графички прикази и документи со кои се утврдуваат основните облици, функционалните и технички решенија на електроцентралата и се прикажува поставеноста на електроцентралата на локацијата;"<br><br>- Прашањето е што се подразбира под прелиминарно техничко решение и до кое ниво на детали е потребно да биде решението. Ова го прашувам бидејчи архитектите на централи цело време ги поставуваат прашањата од типот:<br><br>- Што се подразбира под документи?<br><br>- Дали ова представува целосен креан технички проект за централата или само прелиминарен план? До кое ниво на деталност е прифатливо а што не би се прифатило?<br><br>3) „ - парафиран модел на договор за право на користење на премија;" „ - парафиран модел на договор за користење на премија за електрична енергија произведена од обновлив извор на енергија; "<br><br>- Доколку Лицето е Физичко лице, со оглед дека договорите (форматот) се наменети за Правни Лица (кое лицето треба да го креира после добивањето на право на премија) а при самата понуда сеуште нема креирано Правно Лице прашањето е дали местото за Име на Компанија се остава празно и се потпишува само на местото на Обвластено Лице или се мисли на своерачен потпис на секоја страница со изоставување на Имињата на Компанија која не е можно да се наведи во овој период бидејќи апликантот е Физичко Лице?<br><br>4) Потоа за точка:<br>„7.4.2 Избраниот најповолен понудувач пред склучувањето на Договорот за право на користење на премија е должен до Министерството да достави тековна состојба на субјектот издадена од Цернтралниот регистар на РСМ. Ако избраниот најповолен понудувач е странско лице или група на понудувачи, должен е да основа и до Министерството да достави доказ дека е извршен упис во Централниот регистар на РСМ на друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво со кое што ќе биде склучен |

| | |
|---|---|
| | Договорот за право на користење на премија.“<br><br>- Во оваа точка не е спомнато дали физичко лице исто е потребно да креираат компанија или упис во Централен регистар на РСМ. Во точката е споменато само за Правни Лица, и група понудувачи но не е наведено никаде за Физички Лица? |
| | Одговор:<br><br>1) Под „доказ дека ќе му бидат овозможени финансиски средства за реализација на предвидената инвестиција од страна на финансиска институција (банка)“ се подразбира секој уредно оформен писмен документ со кој финансиската институција (банката) недвосмислено изјавува дека на економскиот оператор ќе му бидат овозможени финансиски средства за реализација на предвидената инвестиција, без оглед на тоа дали се работи за потврда, изјава, писмо за намери и сл.<br>2) Документот Прелиминарно техничко решение треба да биде составено од графички прикази и документи со кои се утврдуваат основните облици, функционалните и технички решенија на електроцентралата и се прикажува поставеноста на електроцентралата на локацијата.<br>3) Ако економскиот оператор е физичко лице, кон понудата ги поднесува моделот на договорот за право на користење на премија и моделот на договорот за користење на премија за електрична енергија произведена од обновлив извор на енергија, парафирани на секоја страница од физичкото лице.<br>4) Економскиот оператор физичко лице кој што е избран за најповолен понудувач е должен пред склучувањето на договорот за право на користење на премија да достави доказ дека е извршен упис во Централниот регистар на РСМ на друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво со кое што ќе биде склучен Договорот за право на користење на премија. |
| 14. | Прашање:<br><br>1) Ние како економски оператор поседуваме земјиште во наша сопственост за кое веќе е завршена целокупната постапка за урбанизација и имаме дбиено соодветно Одобрение за градење и обезбеден соодветен приклучок. Земјиштето т.е. локациите за кои поседуваме Одобрение за градба се наоѓаат на различна катастарска парцела и за секоја од нив имаме посебно Одобрение за градба со моќност од по 900 kW. Врз основа на нашата состојба ве молиме да ни одговорите дали земјиштето кое го поседуваме и за кое имаме повеќе одобренија за фотонапонски централи кои влегуваат во дел 3 **може да доставиме понуда во дел 3 за сите локации, како група, а бараната премија би била една за сите локации кои ќе бидат понудени во овој дел**?<br><br>2) Дали земјиштето на кое се нуди изградба на фотонапонска централа треба да биде во сопстевност или право на користење на сите членови од конзорциумот или може да биде само на еден член од |

конзорциумот?

3) Дали еден економски оператор кој добие право на користење на премија за земјиште кое го понудил во дел 2 и дел 3, по добивањето на право на премија и во дел 2 и во дел 3 ќе биде обврзан да основа една фирма т.е. едно друштво за двете локации или ќе треба да основа две друштва?

4) Дали друштво кое е основано од физичко лице може да достави понуда во дел 2 а физичкото лице кое е основач на правното лице самостојно да достави понуда за друга локација во дел 3?

5) Доколку прелиминарното решение е дефинирано на 1,005 kW и се аплицира за добивање на премија во дел 3, а по изработка на основниот проект и извршените мерења се дефинира поставување на 999 kW што е во рамки на отстапување од 1% од понудената понуда дали ќе се прифати оваа крајна моќност?

Одговор:

1. Согласно точка 12 од поглавјето 1.1 од тендерската документација, понудувачот може да поднесе само една понуда за секој од деловите кои се наведени.
2. Земјиштето може да биде во сопственост само на еден член од групата на понудувачи.
3. Со оглед дека за секоја фотонапонска електроцентрала се склучува посебен договор за право на користење на премија, а потоа и договор за користење на премија, економскиот оператор не треба да основа посебно трговско друштво за секоја електроцентрала.
4. Понуда може да поднесе, односно како економски оператор може да се јави правно лице (трговско друштво) или физичко лице. Ако правното лице како економски оператор поднесе понуда за една локација тоа настапува како посебен правен субјект во однос на неговиот основач кој што е физичко лице. Физичкото лице како економски оператор настапува како посебен правен субјект и може да поднесе понуда за друга локација, меѓутоа ако биде избран за најповолен понудувач должно е пред склучување на договорот за право на користење на премија да достави доказ дека е извршен упис во Централниот регистар на РСМ на друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво со кое што ќе биде склучен договорот за право на користење на премија.
5. Во точка 11.5 од Тендерската документација е утврдено дека инсталираната моќност на секоја фотонапонската електроцентрала може да биде поголема или помала за најмногу 1 % од инсталираната моќност за соодветната електроцентрала наведена во Табелата 1. Ако инсталираната моќност наведена во понудата отстапува од претходно наведениот критериум, во тој случај комисијата ќе пристапи кон корекција на аритметичка грешка. Ова значи дека економскиот оператор во понудата, согласно Прелиминарното техничко решение може да наведе инсталирана моќност поголема или помала од 1% од инсталираната моќност за соодветната електроцентрала наведена во Табелата 1. Меѓутоа, ако економскиот оператор во понудата наведе инсталирана моќност поголема или помала од дозволената толеранција

| | |
|---|---|
| | од 1%, а притоа не ја прифати корекцијата на аритметичките грешки, понудата ќе биде отфрлена и ќе биде активирана гаранцијата на понудата. |
| 15. | Прашање:<br><br>На парцелата на која планираме да ја градиме фотонапонската централа има и објект така да прашањето е дали може да доставиме прелиминарно техничко решение составено од графички прикази и документи со кои се утврдуваат основните облици, функционалности и технички решенија на електроцентралата и се прикажува поставеноста на електроцентралата на локацијата **за земјиштето и кровот од објектот кој е во парцелата**.<br><br>Одговор:<br><br>Со оглед дека премијата се користи само за фотонапонски централи изградени на земјиште, а не и на покривни конструкции од веќе изградени објекти, во прелиминарното техничко решение треба да бидат содржани графички прикази и документи со кои се утврдуваат основните облици, функционалности и технички решенија на електроцентралата и се прикажува поставеноста на електроцентралата на локацијата за земјиштето, а не и на покривната конструкција на објектот кој што е веќе изграден на локацијата. Во оваа смисла, во делот 15.1, точка 3) од Тендерската документација е утврдено дека еден од условите којшто треба да го исполнува фотонапонската електроцентрала за која производителот може да стекне статус на повластен производител кој користи премија е електроцентралата да не е изградена на постоечка градба, освен врз подземна линиска инфраструктура, како што се дефинирани во Законот за градење. |
| 16. | Прашање:<br><br>Имам потреба од дополнително објаснување за делот 5.1.1 алинеа 1 и 2 кој се однесува на Прелиминарното техничко решение, односно: кој би требало да ги изработи графичките прилози, облици, технички решенија и поставеност имајќи го во предвид фактот дека проектите за се уште не се изработени?<br><br>5.1. Содржина на понудата<br><br>5.1.1 Понудата треба да биде подготвена врз основа на оригиналната тендерска документација и се состои од следниве елементи:<br><br>– Прелиминарно техничко решение составено од графички прикази и документи со кои се утврдуваат основните облици, функционалните и технички решенија на електроцентралата и се прикажува поставеноста на електроцентралата на локацијата;<br><br>– Геодетски елаборат за нумерички податоци за земјиштетото;<br><br>Одговор:<br><br>Документот Прелиминарно техничко решение треба да биде составено од графички прикази и документи со кои се утврдуваат основните облици, |

| | |
|---|---|
| | функционалните и технички решенија на електроцентралата и се прикажува поставеноста на електроцентралата на локацијата.<br><br>Геодетски елаборат може да биде изработен од фирма која има соодветно овластување за изработка на ваков документ, без разлика за каков вид на земјиште се работи. |